Уп. Бр. 08-132/2024

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18, и 208/24) а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од ОРБИКО ДОО за трговија Загреб, со седиште на ул. Котурашка Цеста 69, Загреб, Република Хрватска, доставено преку адвокат Маја Парговска од Скопје, на седницата одржана на ден 30.10.2024 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата со која ОРБИКО ДОО за трговија Загреб, со седиште на ул. Котурашка Цеста 69, Загреб, Република Хрватска, има намера да стекне контрола над ХБИ ИТАЛИЈА АКВИЗИЦИЈА ЦО. С.Р.Л., со седиште на Виа Делл'Агрицолтура 51, КАРПИ (МО) КАП 41012, Италија, по пат на купопродажба на акции, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на 19.09.2024 година, а дополнето на 04.10.2024 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од страна ОРБИКО ДОО за трговија Загреб, со седиште на ул. Котурашка Цеста 69, Загреб, Република Хрватска, со која ОРБИКО ДОО за трговија Загреб, има намера да стекне контрола над ХБИ ИТАЛИЈА АКВИЗИЦИЈА ЦО. С.Р.Л., со седиште на Виа Делл'Агрицолтура 51, КАРПИ

(МО) КАП 41012, Италија,  по пат на купопродажба на акции.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**ОРБИКО ДОО за трговија Загреб,** е друштво кое особено се занимава со трговија на големо и истовремено истото е застапник и дистрибутер на територијата на Република Хрватска за голем број на брендови кои се движат од производи за нега и убавина, прехрамбени и непрехрамбени производи, технички и електрични апарати, лекови, играчки, текстил, цигари, моторни масла и многу други производи. Најголемите партнери на ОРБИКО ДОО за трговија Загреб чии производи го сочинуваат најголемиот дел од прометот на ОРБИКО ДОО за трговија Загреб се PHILIP MORRIS, PROCTER & GAMBLE, SHELL и S.C.JOHNSON ITALY S.r.l..

**ОРБИКО ДОО за трговија Загреб** е присутно во Република Северна Македонија преку:

Друштво за трговија и услуги ОРБИКО ДОО Скопје, со седиште на ул. Борис Трајковски бр. 286, Општина Кисела Вода, 1000 Скопје, Република Северна Македонија.
Главен предмет на работењето на ОРБИКО ДОО Скопје е неспецијализирана трговија на големо и истовремено е застапник и дистрибутер на територијата на Република Северна Македонија за голем број на брендови од: прехрамбени производи, моторни масла, батерии, парфеми, тоалетни води и дезодоранси, декоративна козметика, производи за лична хигиена, производи за нега , производи за одржување на хигиена во домаќинствата.

**ХБИ ИТАЛИЈА АКВИЗИЦИЈА ЦО. С.Р.Л.,** со предмет на работење – дејности на холдинг друштва.

Со концентрацијата  ОРБИКО ДОО за трговија Загреб ќе  стекне самостојна контрола над ХБИ ИТАЛИЈА АКВИЗИЦИЈА ЦО. С.Р.Л., со што ОРБИКО ДОО за трговија Загреб ќе се стекнат со целото Чемпион (Champion) деловно работење поврзано со Европа, вклучително големопродажба, малопродажба и е-трговија на пазарот на Европа;

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на*

*конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот заштита на конкуренцијата, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ана Николоска**